
ОПШТИНА
БОСИЛОВО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
БОСИЛОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани граѓани на општина Босилово,

Локалните избори се демократски инструмент преку кои Вие непосредно одлучувате за тоа кој ќе ја води Вашата општина во наредните четири години и на кого ќе му ја дадете довербата директно да ги решава непосредните проблеми со кои Вие секојдневно се соочувате.

Преку локалните избори, Вие граѓаните, најдиректно и конкретно го детерминирате развојот на локалната заедница и одлучувате за тоа во каква заедница сакате да живеете. Локалните избори се ваша можност, но и граѓанска одговорност да донесете одлука во која насока и со која динамика ќе продолжи да се развива вашето населено место и воопшто општината како најголема локална заедница.

Ве повикувам, да го искористите вашето право и јасно да го изразите Вашето мислење и вашиот став, за тоа дали Општина Босилово се движи во вистинска и позитивна насока.

Како граѓанин, но и како досегашен градоначалник, горд сум на се што направивме заедно во изминатите четири години. Свесен сум дека не ги решивме сите локални проблеми, но се вложивме максимално и заедно со вас покажавме како се сака една општина и како треба да се работи во една општина. Покажавме дека Општина Босилово може да се гради и дека Општина Босилово може да се развива. Ја вративме довербата и надежта дека Општина Босилово може да прерасне во една од најубавите рурални општини во Македонија.

Општина Босилово во изминатите четири години стана симбол за посветена работа и труд, отворено градилиште, но и симбол за заедништво и соработка со граѓаните. Денес, со гордост можам да кажам дека Општина Босилово е наше големо семејство, без поделби, без дискриминација, без афери, без непотизам и корупција, Општина која е пријател на граѓаните, Општина во функција и во заштита на интересите на секој еден граѓанин.

Покажавме како се работи домаќински и одговорно, посветено, чесно и транспарентно, без предрасуди и поделби, со позитивна енергија и меѓусебно почитување. Тоа е патот по кој мора да продолжиме. Немаме ниту време, ниту ре-

сурси, ниту потреба да се делиме. Сега, повеќе од било кога порано, неопходно е да го собереме целокупниот општествен потенцијал и истиот да го вложиме во развој на локалната заедница.
Предизвикот да се продолжи по вистинскиот пат, денес е поголем отколку пред четири години. Речи си и да нема област во која не постигнавме голем и видлив напредок. Постигнавме најголем напредок во обновата и изградбата на локалната патна инфраструктура, образованието, културата и спортот, постигнавме напредок и на полето на заштита на животната средина, екологијата, социјалната заштита, урбанизмот, итн. Постигнавме значителен и евидентен напредок во секој сегмент на општеството, но за жал, целта е сѐ уште далечна.
Затоа, подготвивме Програма за работа на Општина Босилово за периодот од 2025 до 2029 година. Оваа програма е создадена со визија, со идеја и со цел, реална и остварлива, содржи решенија и проекти од сите области и во сите населени места, затоа што Општина Босилово единствено може да се развива како целина.
Ќе продолжиме да градиме улици и патишта и нема да оставиме ниту една улица неасфалтирана. Ќе продолжиме со изградба на одводни канали и фекална канализација во сите населени места, ќе ги реконструираме училиштата, ќе отвориме уште две детски градинки, ќе направиме модерни повеќенаменски спортски игралишта во сите населени места каде што нема, ќе ја унапредиме работата на комуналното претпријатие и конечно ќе ги изградиме долго очекуваните водоводи во најкритичните населени места. Покажавме дека со посветена работа секоја цел е достижна. Направивме многу, ќе направиме уште повеќе.
Оваа програма е поставена на цврсти основи, создадена е врз основа на претходното искуство и знаење и содржи проекти кои се тековни, проекти кои се започнати а недовршени, но и голем број на нови проекти кои носат развој на Општина Босилово.
Почитувани,
Вашите потреби, барања и очекувања, со право, се големи, а нашите реални можности се лимитирани. Ваквата состојба не нѐ демотивира, напротив, дополнително не поттикнува да го вложиме целиот свој капацитет и знаење, неуморно да работиме, како и досега, за остварување на нашата заедничка цел – модерна и економски развиена Општина Босилово.
Убеден сум дека заедно со Вас, со Вашата сила, знаење и мудрост, ќе успееме да ја оствариме нашата цел, затоа што Општина Босилово е наш заеднички дом.

Со почит,
Ристо Манчев

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Горанчо Граждanлиевски – Носител на листа
2. Катерина Трендова
3. Георге Митров
4. Никола Тантушев
5. Благица Делева
6. Зорица Џолев
7. Јованка Јованова
8. Дончо Крстев
9. Спасе Митев
10. Сашко Митров
11. Мите Манев
12. Ана Ристова
13. Благој Ѓуровски
14. Антонио Јовев
15. Лидија Андонова



# ДЕСЕТ НАЈВАЖНИ ПРОЕКТИ ЗА НАРЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

1. Водоводна мрежа и резервоари за водоснабдување на Иловица и Штука;
2. Нови бушотини за вода за хидросистемот Иловица;
3. Изградба на мост на река Струмица кај Секирник;
4. Изградба на водоводна мрежа за населено место Дрвош;
5. Изградба на водоводна мрежа за Гечерлија:
6. Изградба на локалниот пат Штука-Секирник;
7. Реконструкција на локалниот пат Турново-Бориево-Моноспитово;
8. Реконструкција на подрачните основни училишта во Еднокуќево, Турново и Сарај;
9. Изградба на фекална канализација во Моноспитово и Босилово;
10. Асфалтирање на сите неасфалтирани улици во сите населени места во Општина Босилово;

**Три најважни проекти кои ќе се реализираат во првите сто дена:**

- **Набавка на ново возило за собирање на комунален отпад;**
- **Реконструкција на повеќенаменското спортско игралиште во Турново;**
- **Реконструкција на локалниот пат Радово – Турново;**



# ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- Фекална канализација во Моноспитово – 2 фаза
- Улица во Босилово, од бетонскиот одводен канал до патот кон Радово
- Улица во Босилово, од патот кон Радово до последната куќа
- Улица во Босилово, (почетна точка – улицата кон пешачки мост Еднокуќево, асфалтирање кон сувата река)
- Реконструкција на локалниот пат Радово – Турново
- Улица во Секирник, Карадак Маала
- Улица од Моноспитово, од влезот од Бориево до излезот кон Банско
- Улица во Моноспитово – позади православните гробишта
- Улица во Моноспитово, од бетонски канал до Велешанската Маала
- Пешачка патека во Моноспитово – покрај големиот бетонски одводен канал
- Улица во Еднокуќево
- Улица во Робово, од регионалниот пат кон депонијата
- Улица во Петралинци, од мостот кај црквата, до патот за Старо Балдовци, до последните куќи
- Улица во Сарај, зад фудбалското игралиште до последните куќи
- Улица во Сарај, патот за Каваџик до последната куќа
- Улица во Гечерлија, зад Домот на културата
- Улица во Дрвош – зад училиштето

# ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Нашата визијата за развој на Општина Босилово се темели на неколку основни столбови:

- **Градење на капацитети за ефективно справување со зачестените природни несреќи, поголем степен на отпорност на населените места и животната средина за заштита од ризици и елементарни непогоди.**
- **Градење на капацитети за заштита на животната средини и биолошката разновидност**
- **Поддршка и имплементација на мерки за ефикасна транзиција кон зелена економија**
- **Поддршка на дигиталната транзиција, зголемување на степенот на дигитална писменост и целосна достапност на локалните дигитални услуги за населението.**
- **Поддршка на политики за еднакви можности за жените и мажите, како и имплементација на политики за социјална и културна кохезија.**
- **Поттикнување локален и економски развој во руралните средини со овозможување услови за отварање и работа на малите и средни претпријатија**
- **Силна поддршка на спортот и поддршка на младите**

Модерна, развиена, економски оддржлива и просперитетна, Општина Босилово е наша обврска и наша заедничка цел. Патот кон целта, постепено но сигурно се трасираше во изминатите 4 години и уште посилно ќе продолжиме во наредните 4 години.



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И УРБАНИЗАМ

Локалниот економски развој е еден од најважните сегменти за брз развој на Општина Босилово. Реализацијата на проектите од инфраструктурата, од просторното планирање и од урбанизмот придонесуваат за привлекување инвестиции и за зголемување на економската активност на локалното население. Како и досега, и во иднина, ќе го унапредуваме нивото и квалитетот на општинските услуги, ќе создаваме нови можности, ќе градиме партнерство со бизнис-заедницата, со цел за да ги поттикнеме стопанствениците да инвестираат во проширување на постојните капацитети но и да поттикнеме нови инвестиции и нови инвеститори.

Согласно тоа, ќе иницираме соработка и редовна комуникација со потенцијалните инвеститори, континуирано ќе ги промовираме конкурентните предности на Општината и ќе работиме на промоција на ресурсите со кои располага Општината.

Движечка сила на локалната економија и главен генератор на нови работни места е приватниот сектор, па затоа посветено ќе работиме на подобрување на условите за водење бизнис и ќе го поттикнеме развојот на микро, мали и на средни претпријатија преку креирање на посебни програми за соработка.

## Во наредните 4 години посебно ќе се фокусираме на:

- Изработка на детален урбанистички план за економско стопанска зона во населените места: Моноспитово, Босилово, Турново, Бориево и зони Робово 1 и Робово 2 (КО Робово) и почеток на изградба на инфраструктура во зони Робово 1 и Робово 2;
- Изработка на урбанистички план за економско-стопанска зона (15 хектари) во атарот на с. Турново наменета за развој на малите и средни претпријатија;
- Изработка на урбанистички план на ниво на УПС за населените места: Турново, Секирник и Петралинци.

## Искористување на обновливи извори на енергија

- Во наредните четири години ќе продолжиме со развој на проекти за искористување на обновливите извори на енергија. Локалната самоуправа, во рамки на своите надлежности, ќе овозможи услови на заинтересираните домашни и странски инвеститори за изградба на фотоволтаични електрани на територијата на Општина Босилово.

## Промоција на Општина Босилово и привлекување на домашни и странски инвестиции

- Локалната самоуправа засилено ќе работи на директна промоција на општина Босилово, при што дел од општинската администрација директно ќе контактира со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентира предностите кои ги нуди нашата Општина;
- Организација на бизнис-форуми и формирање на „Бизнис-клуб" за соработка и координација на сите заинтересирани стопанственици од Општината Босилово и регионот со цел развивање на бизнис-идеи и иницирање соработка;
- Подршка на земјоделието, сточарството и воопшто целокупниот аграр;
- Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси;
- Поддршка на иновациите и претприемништвото (формирање на посебни фондови во соработка со НВО, меѓународни фондови, итн.).



# ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува влог во иднината односно вложување во најзначајниот ресурс за развој на секое општество – човечкиот капитал.

Наша цел е преку образованиот процес да создадеме нови генерации способни да ги зачуваат традиционалните вредности на нашето општество, но истовремено способни да се соочат со сите предизвици на новото време и современите барања на пазарот на труд.

## ➤ Најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Комплетна реконструкција и доградба на ПОУ „Гоце Делчев“ с. Еднокуќево,
- Реконструкција на ООУ „Кирил и Метододиј“ с. Турново,
- Реконструкција на ООУ „Борис Трајковски“ с. Бориево,
- Реконструкција на ПОУ „Гоце Делчев“ с. Сарај,
- Нова фасада и кров на ООУ „ Гоце Делчев“ во Босилово.

## ➤ Покрај директни инвестиции во градежни зафати во училишните згради, во наредните 4 години ќе се реализираат и други мерки за унапредување на квалитетот на образованиот процес:

- Еднократна парична помош за првоодделенци;
- Еднократна парична помош за ученици и студенти кои покажуваат натпросечен успех во учењето и студирањето;
- Инсталирање на систем на фотоволтаици на кровните површини на сите училишни објекти на кои досега нема инсталирано;
- Инсталирање на системи за централно греење со еколошко гориво во сите основни училишта каде што нема инсталирано.

## ➤ Ке продолжиме, со засилено темпо да ги опремуваме училиштата и училишните кабинети со современи наставни помагала:

- Смарт-табли во секое училиште;
- Формирање мали библиотеки со лектири и друга корисна литература, речници, енциклопедии и слично;
- Уредување на училишните дворови со паркови, зеленило и урбана опрема (клупи за седење, корпи за отпадоци и сл.);
- Набавка на нови столчиња и масички, компјутери, надгледни средства, прочистувачи на воздух во училиштата, телевизори и сл. за оние училишта каде што ќе се јави потреба поради дотраеност и оштетеност;
- Нови училишни кабинети во трите централни училишта во општината;
- Поддршка и обезбедување на униформи за учениците од основните училишта;
- Бесплатна матурска вечер за сите полуматуранти.



# ОПШТИНА ВО ДИГИТАЛНА ЕРА

## Е-СЕДНИЦИ на Совет

- Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн-вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## Електронски услуги за граѓаните

- Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и др.

## Систем за електронско прибирање даноци

- Во насока на поголема ефикасност, транспарентност и приближување до секој граѓанин, ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање на решенија за данок на имот кои електронски ќе можат да се плаќаат преку Националниот портал за услуги и веб-страниците на Општините. На овој начин ќе постигнеме праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи на Општината за самостојно финансирање на проекти.

### E-СИСТЕМ за управување со предмети

- Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка ќе овозможи целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината. Сите документи кои ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива.

### E-СИСТЕМ за планирање на ресурси

- Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во Општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на Општината, точни и навремени податоци за работата на Општината и оптимизација на трошењето на средствата.

# ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Поставување на уреди за бесплатно достапен интернет Wifi на следниве локации :

- Центар на Босилово,
- Центар во Турново,
- Центар во Иловица,
- Центар во Моноспитово,
- Центар во Секирник.

# СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

Со реконструкција и рехабилитација на локалните патишта и мостови во општина Босилово ќе се подобри локалната патна мрежа, што ќе придонесе за подобрување на социо-економскиот живот на населението, побезбедно одвивање на сообраќајот, скратување на времето на патување и поврзување на населените места во рамките на општините и поширокиот регион.

## ➤ Најважни проекти во функција на остварување на спомenатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Започнување со изградба на локалниот пат Иловица – Дрвош;
- Реконструкција на пешачки мост на реката Струмица помеѓу Еднокуќево и Босилово;
- Реконструкција на локалниот пат Сарај – Гечерлија;
- Изградба на пристапна пешачка патека помеѓу населените места Босилово и Еднокуќево;
- Изработка на проектна документација за изградба на локален пат Штука – Сушица (општина Ново Село);
- Изградба на локален пат Гечерлија – Хамзали (спој со регионален пат Дабиле - Берово);
- Пробивање и тампонирање на полски патишта во сите населени места за пристап до земјоделско земјиште;
- Асфалтирање на локални улици и патишта во атарот на сите населените места во општина Босилово:
    - Петралинци
    - Дрвош
    - Босилово
    - Иловица
    - Бориево
    - Моноспитово
    - Робово
    - Еднокуќево
    - Сарај
    - Турново
    - Радово
    - Гечерлија
    - Штука
    - Радово
    - Секирник и
    - Хамзали

- **Изградбата на тротоари ќе им даде еден нов лик на населените места, а воедно со тоа ќе се зголеми безбедноста на пешаците во сообраќајот. Се предвидува изградба на тротоари во сите населени места со приоритет на населените места низ кои поминуваат регионални патишта:**

- Изградба на тротоари во с. Босилово
- Изградба на тротоари во с.Турново
- Изградба на тротоари во с. Секирник
- Изградба на тротоари во с. Робово
- Изградба на тротоари во с. Петралинци

- **Поставување на нова сообраќајна сигнализација и обновување на постоечката сообраќајна сигнализација на локалните улици и патишта,**
- **Соработка со РСБСП, МВР, ОСБСП и Локален совет за превенција во организација и реализација на сообраќајно превентивни и едукативни активности.**



# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Вложувањата во комуналната инфраструктура се основен предуслов за развој и напредок во сите други општествени области. Максималната посветеност за обезбедување целосна комунална инфраструктура значи навремено функционирање, чистење и подобар изглед на општината, а воедно се создаваат услови за зачувување на здравјето на граѓаните во поздрава и почиста животна средина.

Очекуваме и на овие избори граѓаните да го ценат досега сработеното и да добиеме поддршка да ги завршиме почнатите активности и да реализираме нови.

- **Главните приоритети во оваа област се веќе составен дел од десетте најважни проекти за наредните 4 години**
- **Покрај нив, ќе бидат реализирани и други проекти во оваа област:**

- Започнување со изградба на фекално канализациони мрежи во Робово, Бориево и др.;
- Промена на дел од доводниот цевовод на водоводниот систем Иловица од мост на река Турија до с. Босилово;
- Во соработка со Владата на Република Македонија, решавање на проблемот со комуналниот отпад и дивите депонии во сите населени места во Општина Босилово преку регионален третман и профункционирање на регионалната депонија во с. Доброшинци;
- Проширување на системот на организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад во населените места Иловица, Старо Балдовци и Штука;
- Набавка на дополнителна механизација (два нови камиони за собирање и транспортирање на комунален отпад) за ЈПКД „Огражден“ – Босилово за подобрување на квалитетот на услугите околу третманот на отпадот и одржувањето на јавната чистота;
- Набавка на трактор, мулчер, косилки, мултифункционална машина за комунални дејности итн. за потребите на комуналното претпријатие;
- Редовно одржување и расчистување на привремените прифатилишта за комунален отпад;
- Проширување на системот на селектирање на отпадот особено во делот на селектирање на ПЕТ пластиката во сите населени места во Општината;
- Обезбедување на садови за селекција на отпад за домаќинствата и на јавни површини;
- Проширување и унапредување на уличното осветлување во сите населени места во Општина Босилово;

- Ископ на секундарни и терцијални одводни канали за атмосферска вода во повеќе населените места:
    - Петралинци
    - Сарај
    - Босилово
    - Еднокуќево
    - Бориево
    - Моноспитово
    - Робово
    - Турново и др.;
- Одржување и изградба на бетонски одводни канали за атмосферска вода во повеќе населените места:
    - Бориево,
    - Монопитово,
    - Босилово,
    - Робово,
    - Дрвош и др.;
- Одржување и уредување на паркови и други зелени површини и мини плоштади во сите населени места;
- Поставување на летниковци, клупи и друга урбана опрема во сите населени места во Општина Босилово.



# ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Здравата животна средина ќе биде еден од приоритетите на Општина Босилово во наредните 4 години.

## ➤ Нашите најважни проекти, во функција на заштита на животната средина во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Изработка на регистар на загадувачи,
- Заштита на водите,
- Соработка со бизнис-секторот особено индустриите регистрирани како загадувачи и реализација на конретни мерки за заштита,
- Уредување на канали и собирање на растителните остатоци,
- Чистење и контрола на дивите депонии,
- Акции за пошумување на околината на Општина Босилово,
- Чистење на патиштата од дрвја (сечење на гранки) и растителна вегетација во цела Општина Босилово,
- Во соработка со Владата, прогласување на локалитетот Моноспитовско Блато за споменик на природата и организација на систем на заштита и обнова;
- Унапредување на соработка со невладиниот сектор од областа на заштита на животната средина (еколошки друштва и други еколошки невладини организации);
- Уредување на паркови и нови зелени површини.



# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Општина Босилово ќе се залага за обезбедување социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјална инклузија на ранливите категории граѓани.

**Согласно тоа, посветено ќе се грижиме за:**

- Помагање на Пензионерските клубови во населените места и активна соработка со пензионерите,
- Реконструкција, адаптација и опремување на простории за пензионери (пензионерски клубови) во населените места Робово, Бориево, Турново и други,
- Унапредување на соработката со Центарот за активно стареење во с. Турново и негово одржување и опремување,
- Во насока на зголемување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, планирано е отварање на нови детски градинки и тоа:
    - Изградба на нови детски градинки во населените места: Радово и Иловица и реновирање на градинката во Моноспитово;
- Активна соработка со Црвениот крст – Струмица и други невладини организаци од областа на социјалната заштита (нега во домот, лична асистенција на лица со попреченост, поддршка на стари и изнемоштени лица, итн.);
- Еднократен годишен надомест од 20 000 денари за секое семјство во кое живее лице со посебни потреби;
- Поставување на мобилни рампи за лица со ограничени можности на сите општински институци;
- Поставување на дефиблатори на неколку локации во Општината и организација на обука за нивно користење за локалното население;
- Обезбедување достоинствен живот на старите лица, преку развој на сервсни служби за нив;
- Повторно отварање на дисперзирано одделение на Центарот за социјални работи – Струмица во населеното место Босилово;
- Обезбедување на бесплатна услуга – работа со логопед.

# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Подготовка на Општината за заштита од пожари и други елементарни непогоди ќе биде област на која ќе посветиме посебно внимание во наредните 4 години.

## За заштита од пожари и други елементарни непогоди ќе се реализираат повеќе активности и тоа:

- Чистење на канали, полски и шумски патишта и соработка со надлежните институции со цел превенција и заштита од пожари;
- Поддршка и формирање на доброволно противпожарно друштво и целосно опремување на друштвото по сите професионални стандарди;
- Обезбедување на основна противпожарна опрема за гасење и локализирање на пожари од помал обем со која ќе ракува ЈПКД „Огражден" – Босилово;
- Поставување на термални камери на општинската зграда во Босилово со цел рана детекција на пожари, брза и ефикасна реакција на надлежните институции и идентификјација на предизвикувачите на пожарот.

# ТУРИЗАМ

Во рамките на своите скромни можности и ресурси, Општина Босилово ќе вложи напори да го унапреди екоруралниот туризам и да креира услови за поддршка и развој на туризмот. Согласно тоа, ќе се работи на:

- Промоција на локалитетот Моноспитовско Блато и создавање на можности за развој на екорурален туризам,
- Изградба на пешачка патека и поставување на табли, патокази и обележување на туристички патеки во Моноспитовско Блато;
- Изградба на пешачка и велосипедска патека од манастирот во Хамзали до Дрвошка Брана;
- Поддршка на бизнис-заедницата за развој на локалниот туризам;
- Развој на екоруралниот туризам преку користење на европските фондови;
- Изработка на промотивни материјали за промоција и поддршка на локалниот туризам;
- Организација на настани и манифестации за привлекување на туристи.



# КУЛТУРА

Развојот на културата, сочувувањето и негувањето на културните вредности, претставува голем предизвик и поттик за наше поголемо ангажирање на локално ниво. Општината Босилово во изминатите 4 години стана препознатлива по бројните настани и манифестации кои успешно се организираа, и кои беа силно поддржани од граѓаните.

Во наредните 4 години ќе настојуваме да ја унапредиме досегашната работа со цел Општина Босилово да биде препознатлива пошироко како позната дестинација, во која ќе може да се види и доживее духот на македонското многувековно културно опстојување.

## Наши најважни проекти во функција на остварување на спомeнатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Организирање на културна манифестација - „Босилово културно лето“:

„Босилово културно лето“ е манифестација која се организира веќе 4 години и по која веќе е позната Општина Босилово. Во рамките на оваа манифестација ќе бидат организирани културни и спортски настани (театарски претстави за деца, концерти на локални и познати уметници, ликовни изложби, спортски натпревари, итн.).

- Организирање на манифестацијата „Русалии фолклор – Секирник“:

Ќе продолжиме да ја финансираме и афирмираме манифестацијата „Русалии фолклор“ која се организира во чест на големиот христијански празник Успение на Пресвета Богородица во населеното место Секирник. Целта на манифестацијата е да ја зачува, но и афирмира русалиската игра и русалиските обичаи; Оваа манифестација ја збогативме и ќе продолжиме со поддршка и организација на познатиот „ Богородичен концерт“;

- Соработка и редовно помагање на културно уметничките друштва:

КУД Фолклор „Гоце Делчев“ – Босилово, КУД „Кирил и Методиј“ – Иловица, КУД „Русалии“ – Секирник, КУД „Кавалџии“ – Штука, „Радовска коњаница„ и др. Општина Босилово ќе ги поддржува културно уметничките друштва кои гравитираат на територијата на Општината за остварување на нивната главна мисија и цел, а тоа е зачувување и промоција на македонските традиционални ора, музика и песни.

- Помагање на сите жители на Општина Босилово кои имаат афинитети кон убавиот пишан збор за издавање на книги и други уметнички дела
- Организирање курсеви по фолклор и формирање играорни и драмски секции како подмладоци на културно – уметничките друштва:

Целта на овие курсеви ќе биде да се поттикнат младите да се запознаат и да ги негуваат културата и традицијата и поисполнето да го користат своето слободно време, ослободени од социјалните мрежи и мобилните телефони.

- Ќе ја унапредиме работата на Школата за изучување на традиционални музички инструменти;
- Поставување на спомен бисти и спомен обележја на значајни локални личности и настани;
- Ќе продолжиме со организација на манифестации и настани кои ги организиравме во минатите 4 години, со дополнително збогатување на програмата:
    - Ајверијада
    - Новогодишен и божиќен базар
    - Базар на ракотворби
    - Кино продукција со посебен акцент на промоција на македонски филмови
    - Поетски вечери
    - Уметнички изложби, итн.



# СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и практикувањето спорт во развојниот период на човекот се природна потреба за негов нормален психофизички развој.

Општина Босилово е силно фокусирана на развојот на услови за спортување и досега се реализирани многубројни проекти за поддршка на спортски друштва и организации и за изградба на спортски терени. Спортот претставува ресурс за развој, а инвестирањето во спортот претставува инвестиција во здравјето на идните генерации.

Затоа, Општина Босилово, како и досега, така и во иднина, ќе обезбедува максимална поддршка на спортските клубови, спортските друштва и на спортските манифестации кои, традиционално, секоја година се одржуваат во нашата Општина.

## ➤ Во Општина Босилово ќе ги реализираме следниве проекти:

- Поддршка, соработка и обезбедување на финансиска помош за сите спортски клубови во Општината;
- Реконструкција на повеќенаменските спортски игралишта во населените места Дрвош, Сарај и Иловица;
- Изградба на мини спортски игралишта во населените места Старо Балдовци и Гечерлија;
- Оградување и осветлување на спортските игралишта во Робово и Секирник;
- Изградба на мали забавни паркови (детски катчиња) во повеќе населени места во Општината;
- Финансиска подршка за организирање на летни фудбалски турнири во сите населените места каде што ќе се појави интерес;
- Реконструкција на голема сала од Културен дом во с. Секирник и нејзина пренамена во мала спортска сала;
- Изградба на ново фудбалско игралиште во ОУ „Кирил и Методија“ с. Турново;
- Изградба на мали трибини покрај спортските игралишта во Секирник, Петралинци, Моноспитово, Иловица и Дрвош;
- Реконструкција на повеќенаменското игралиште во Босилово и изградба на модерен спортски центар со трибини, соблекувална, осветлување, итн.;
- Изградба на теретана на отворено во Босилово и Моноспитово;
- Изградба на игралиште за кошарка и баскет во Босилово, Гечерлија, Сарај и други;
- Изградба на спортска сала во населеното место Босилово:

Изградбата на спортска сала во населеното место Босилово останува сериозен предизвик за кој ќе вложиме максимални напори да го реализираме во соработка со Министерствбото за спорт.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- **Соработка со општини од Република Бугарија и Република Грција во градењето на партнерски односи и заедничко аплицирање пред ЕУ-фондовите за прекугранични проекти;**
- **Рамена на културни искуства, традиции и фолклор како патоказ за зближување и соработка помеѓу пограничните општини;**
- **Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и завршување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини,**
- **Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората**
- **Соработка со меѓународни здруженија и организации, амбасади, итн. со цел поддршка и развој на Општина Босилово и афирмација на Општина Босилово во меѓународни рамки.**

ВМРО-ДПМНЕ